# JUB Магазин

www.jub.eu

Година II
Број 3
Септември 2009
ЈУБ дооел
Скопје




Како да ...

## Само системот дава гаранција

Нови производи:

## NANO фасада

Актуелно

## Саем на градежништво 2009

# БРЕНД СО ДОВЕРБА

Со бојадисувањето на внатрешните ѕидни и плафонски површини, на просторот во којшто работиме или живееме ќе му дадеме живописен и креативен изглед.
Промената која ќе ја направиме со бојадисувањето на ѕидовите ќе ја постигнеме само ако одговара според вкусот и потребата на корисникот на просторот.
Боите со развојот на новите технологии се менуваат, и затоа поради можноста за поголем избор, многу е важно да ја избереме онаа што нам најмногу ни одговара.
Изборот, пак, на вистинската боја со која во целост ќе ги исполниме нашите идеи и очекувања е многу лесен, кога веќе 40 години насекаде околу нас го имаме jupol.
Токму потврда за овој избор е и титулата TRUSTED BRAND 2008 (марка на која ѝ се верува), која компанијата JUB ја доби минатата година.
За jupol кој се натпреваруваше во категоријата „Боја за куќа", оваа оценка е донесена врз основа на следните параметри: вредност, квалитет, соодветна цена, препорачливост за други, јак имиџ и разбирање за потребите на потрошувачите.
Експертите во JUB знаат дека за добивање квалитетна боја е потребно строго да се почитува вистинската рецептура, и да се одржи стабилен и стандарден квалитет во текот на повеќегодишното производство.
Благодарение на внимателно одбраната рецептура, тој има препознатлив квалитет и исклучителни особини во примената.
Како што во храната посебен шмек дава комбинацијата на зачини, така и во jupol - внатрешната боја, постојат „зачини" кои го прават единствен, а резултатот е:
- еколошка пареопропустлива боја со константна белина
- лесно се нанесува и успешно се тонира во пастелни нијанси
- отпорна е на суво триење
- покрива повеќе дури за 20% квадратни метри во однос на останатите обични полудисперзни бои
- тенкослојна е и може да нанесете до 18 поединечни слоеви, а да нема пукање и лупење на ѕидот.
Не мора да бидете мајстор за бојадисување.
Бојата е исклучително лесна и едноставна за употреба, а бојадисувањето станува вистинско задоволство.
Ние гарантираме за квалитетот на jupol, а Ваше е само да ги следите пропишаните упатства при бојадисувањето.
Само така ќе добиете гаранција за квалитет и трајност.




***Не е доволно боите да се пријатни само за очите.........***
***....... оние најдобрите се пријатни и за здравјето.***

JUB ДООЕЛ Скопје
бул. Јане Сандански бр.79 а 1/3
*www.jub.eu  www.jub.com.mk*
Инфо телефон: 02/2454027






## Содржина:

- Вовед ........ 3
- Вести ........ 4
- Актуелно ........ 5
- Јуб Академија ........ 8
- Интервју ........ 10
- Тестиравме ........ 12
- Нови производи ........ 13
- Моја приказна ........ 17
- Како да ........ 19
- Вистини и заблуди ........ 25
- Профил ........ 26
- Професии ........ 27
- Јуб инспирира ........ 29
- Јуб дизајн студио ........ 33
- Јуб и спортот ........ 34

Издава: ЈУБ д.о.о.е.л. - Скопје
Адреса: бул. Јане Сандански 79а-3
Телефон: 02/ 24 54 027
E-mail: jubmagazin@jub.com.mk
Уредник: Катерина Бошкова
Редакциски одбор: ЈУБ д.о.о.е.л - Скопје
Дизајн и припрема: Катерина Бошкова
Печати: Макстен графика - Скопје

После редовните годишни одмори и продолжени викенди, редно е да се посветиме на секојдневните обврски. Затоа драги читатели и верни соработници, дозволете ми накратко да ви го претставам новиот број, трет по ред на Јуб магазин.
За активностите на Јуб во Македонија, накратко можете да се информирате во рубриката вести (стр.4). Следи излагањето на саемот за градежништо во 2009 год. како кај нас во Македонија, така и на меѓународниот саем на градежништво во Белград (стр.5). Секако дека не е изоставена и рубриката на Јуб академија, каде во овој број ви доловуваме од стручната презентација наменета за архитекти (стр.8). Внимание на нашите купувачи и дилери им посветивме на повеќе страни, како би можеле подобро да се представат (стр.10, стр.17, стр.26). Тестиравме и нова машина за нанесување на пастозна глет маса (стр.12).
Во последниве години Јуб пласираше многу нови производи и производни линии, во овој број можете да се информирате за производите за дрво и метал, како и новите декоративни малтери Nanosil G и Unisil G (стр.13).
Бидејки предстои период на завршување со градење на веќе почнатите објекти, ви ја доловуваме препораката за изработка на Jubizol Fasadniot систем (стр.19). Само доколку се знае правата вистина за материјалите, никогаш нема да дојде до заблуда ниту кај инвеститорот, ниту кај изведувачот (стр.25). За да може секој занает да се цени, добро е да се знае што е заначењето на истиот (стр.27). За тоа, како да го пребоите вашиот дом ви предлагаме да се задржите на рубриката Бои за добро расположение (стр.29).
Јуб не би бил тоа што е, ако не го подржува правилниот начин на живот, па затоа ви го предатавуваме гимнастичарскиот клубот Партизан – Орце Николов од Скопје (стр.34).
Она што е незадолжително се наоѓа на крајот на овој магазин.

Искрено се надевам дека во овие рани есенски денови, ќе уживате прелистувајќи го нашиот нов број на Јуб магазин.

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034

# ЈУБ полици

Како што беше кажано во минатиот број на ЈУБ магазин, компанијата ЈУБ во Македонија, започна со акција за поставување на полици во малопродажни објекти и маркети низ Републиката. Според планираното, акцијата заврши во месец јули 2009 година и се поставија вкупно 100 полици, во сите поголеми малопродажни објекти. Поставувањето на полиците се покажа како добра практика, со што се докажа дека, ЈУБ е препознатлив бренд и е водечки иноватор во својата област.



# Словенечки Меркур во Македонија



Словенечкиот Меркур на 13.03.2009 ја реализира својата трета инвестиција во Македонија, вредна над 1 милион евра. Станува збор за трговски центар во Скопје, со локација во населбата Автокоманда, и површина од 2.500 метри квадратни со над 20 илјади артикли меѓу кои и ЈУБ – овите производи за внатрешно уредување, како и целиот асортиман за изработка на термо изолациона фасада.

Официјалното отварање го означи вице премиерот Ивица Боцевски, генералниот директор и прецедател на управниот одбор на групацијата Меркур од Словенија Бине Корнез, како и директорката на Меркур во Македонија Весна Мицевска.

По овој повод Меркур од Македонија додели донација од 50.000,00 денари, на основното училиште Стив Наумов од Автокоманда.




# Брендирање

ЈУБ во Македонија, започна со акција за брендирање на малопродажни објекти кои работат со голема палета на производите од производната програма на ЈУБ. Најнапред, брендирањето започна со оние објекти, кои имаат поставено JUMIX машини за нијансирање. До крајот на оваа 2009 година, акцијата ќе биде од поширок карактер, што значи дека ќе ги опфати и останатите малопродажни објекти, се разбира, оние кои имаат во своите продажни простории, производи на ЈУБ, барем во половина од својата продажна програма.

Со оваа акција, ЈУБ Македонија, ги следи европските трендови за рекламирање и истакнување на брендот. Со брендирањето на објектите, на потрошувачите, им се овозможува лесно да ги препознаат и пронајдат малопродажните објекти, кои имаат проиводи на ЈУБ. Брендираните објекти, стануваат лесно впечатливи и лесно препознатливи, по што се разликуваат од останатите конкурентски малопродажни објекти.

# Саем на градежништво 2009

Саемот на градежништво оваа 2009 година се одржуваше во скопскиот саем Ера Сити од 03 до 07 март. Представени беа вкупно 69 фирми од областа на градежништвото, распоредени во 3 хали и 2 анекса. Представниците беа од најразличен профил и тоа од производство на стиропор, малтери, лепаци, керамиди, прозорци итн.




Како и секоја година, така и оваа, нашата фирма ЈУБ дооел Скопје, зема учество на овој саем. Локалцијата беше на влезот во втората хала. Представени беа завршните работи при изработка на фасада и ентериер, а на секој заинтересиран посетител му беше стручно објаснета целата постапка на вградување на нашите материјали во домот.
Од материјали беа представени:

- 7 нијанси на малтери,
- 6 нијанси на Kulirplast,
- 10 нијанси на високопокривна внатрешна боја Jupol Trend,
- 6 нијанси на високопокривна внатрешна боја за детски соби Jupol Junior,
- 6 дезени на налепници и бордури од линијата на Jupol Dekor,
- 3 техники на декоративниот кит Marmorin,
- 3 техники на декоративниот гел Art Color,
- 1 дезен на Jufix Sistemot.
- 1 нијанса на декоративните перли на Akrildekor, и
- 3 техники на Jubosil Antik.

Секако имаше и голем број на активности меѓу кои и посетата на две групи од градинките Раде Јовчевски Корчагин и Кочо Рацин, на кои сме им многу благодарни што ни одговорија на нашата покана и не почестија со нивното пријатно присуство, а особена чест ни е што земаа активно учество во зададената задача за претставување на својата детска соба со боиците на Jupol Junior . Сите беа наградени со акредитации со сопсвтеното име, капи, боици, тефтери и др. За да можеме да ја доловиме нашата среќа за нивното присуство на нашиот штанд, на учителките им беше подарено 1 канта од нашиот производ Jupol Junior, во нијанса по желба на учителките, а за крајна намена пребојување на занималната во својата градинка.





Следната активност беше таа што секој посетител можеше да проба било кој од нашите материјали да ги нанесува, а со самото тоа секако дека доби соодветен подарок како маица, валјак и слично.
Не беше изоставена и нашата демонстрација на материјалите на штафелај и капа плоча, како и присуство на уметник кој изработуваше уметнички слики со ЈУБ - овите бои и декоративни материјали, кои потоа беа подарени на оние посетители кои имаа желба истите да ги имаат во сопствениот дом.
Имаше поставено и ТВ на кој постојано беше емитувана емисија за правилна изработка на термо изолациона фасада со ЈУБ – ови материјали, која исто така им го привлече вниманието на многу посетители на штандот.





Остваривме многу нови контакти од мајстори, изведувачи, трговци и инвеститори.
Овој наш штанд не ќе изгледаше така како што изгледаше, да не земеше учество во смислувањето и дел од изведувањето и фирмата за архитектура и дизајн Платформа од Скопје.

# Саем на градежништво во Белград

Својата доследност во квалитет, оригиналност, традиција и следење на светските трендови, компанијата ЈУБ ја докажа и оваа година во својот настап на 35 Мегународен саем на градежништво во Белград, кој се одржа од 22.04. – 26.04.2009 година и на кој земаа учество 1.079 излагачи од цела Европа.

Саемскиот настап беше фокусиран на обележување на 40 години постоење на нашиот бренд JUPOL, промоција и услуги во JUB DIZAJN STUDIO, како и добро познатиот фасаден систем JUBIZOL FASADA.



Посетителите на ЈУБ – овиот штанд можеа да ја слушнат презентацијата за системот JUBIZOL FASADA и со помош на нашиот предавач и демонстратор да научат правилно вградување, грешки, слоеви и предност на системот JUBIZOL FASADA. Исто така, заинтересираните посетители имаа можност со асистенција на дизајнерски стручно лице и со помош на компјутерски програм, да го обојат просторот во боја која на нив им одговара и така однапред да го согледаат својот дом, пред да започнат со реновирање на истиот.
За најхрабрите посетители ЈУБ спреми награден квиз, во кој глумецот Срѓан Ивановиќ имаше задача, низ шега и загонетки го провери знаењето на посетителите на нашиот штанд и на вистинските познавачи на нашите производи да ги награди со канта производ од фамилијата на JUPOL.




И оваа година ЈУБ може да биде задоволен со својот настап и посетеност на својот штанд, како и со пријатното дружење со своите деловни соработници и расположените посетители.



# Стручна презентација за архитекти

Покрај редовните едукативни активности - презентациите на терен и оние што се одржуваат во ЈУБ-овиот инфо центар, ЈУБ организира и презентации за една специфична целна група, како што градежни инженери, архитекти, изведувачки фирми и инвеститори.




Презентациите од ваков тип ги одржуваме нè само со цел да се претставаат материјалите од нашиот производен програм, туку и да им излеземе во пресрет на стручната јавност, и да понудиме одговори на сите прашања и недоумици околу правилниот избор и вградување на нашите материјали за завршни работи во градежништвото.
Последната ваква стручна презентација ја одржавме во просториите на Скопски саем (Бизнис сала), на 28.05.2009 год. со тема:

- Премази за современи ентериери и екстериери,
- Декоративни материјали за внатрешни ѕидни површини,
- Декоративни завршни малтери,
- Нови производи од ЈУБ-овиот производен програм и
- Искуства, проблеми, решенија.

На оваа презентација беа присутни 60-тина учесници, што е добар знак дека постои голема заинтересираност за вакцов тип на презентации. На овие презентации може да се види доменот на ЈУБ-овите материјали, а по истите и да се добијат стручни одговори на поставените прашања, како и излегување на конкретен објект од наша страна заради советување за понатамошно дејствување на истиот.

На оваа презентација беа поставувани прашањата од страна на присутните, (уште во салата пред започнување на презентацијата) кои се однесуваа пред сè на вистинските проблеми со кои тие се соочуваат, како при реновирањето, така и при изградба на нови објекти, декорирање на просторот во ентериерот и слично.
Санација на пукнатините, отстранување на мувлата од ѕидовите во ентериерот, изборот на материјали и техники за декорирање на внатрешните површини, избор на квалитетни фасадни бои и малтери во нијанси постојани на УВ зраци, се само дел од прашањата на кои се понудија конкретни одговори.



Веднаш по завршувањето на презентацијата за присутните гости, беше организиран и коктел во холот на салата, каде во опуштена атмосфера продолжија разговорите, и се воспоставија многу нови контакти помеѓу присутните на истата.
Заеднички заклучок на сите присутни (може да се заклучи и од пополнетите анкетни листови) беше, дека овие стручни предавања кога се во прашање завршните работи на објектите, се вистинскиот пат кој ЈУБ го одбра за да ги информира и едуцира сите лица од градежната бранша, вклучени во одлуките за избор на материјали за завршни работи во градежништвото.
На сите присутни гости на презентацијата им беше поделен и соодветен рекламен материјал.



Голема заинтересираност се покажа и за материјалите кои го сочинуваат нашиот топлотноизолационен систем, Jubizol fasada, за кои планираме да направиме стручна презентација на оваа тема, која би се одржала во втората половина од месец октомври, каде покрај материјалите, детално би се прикажале и објасниле (преку низа примери и во сите фази на изработка) постапките и начините за правилно вградување на системот.

Доколку мислите дека вакви стручни презентации на нашата компанија се потребни и во Вашиот град, контактирајте не, а ние ќе Ви излеземе во пресрет. Заедно ќе се потрудиме да ги решиме сите Ваши недоумици околу правилната примена на нашите материјали и проблемите кои ги имате во пракса.

JUB Академија

**Календар на одржани презентации во првата половина на 2009 година**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА | ПРИСУТНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 02.2.2009 | ПРИМАВЕРА-ГОСТИВАР | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 7 |
| 04.2.2009 | ПРИМАВЕРА-ГОСТИВАР | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 5 |
| 06.2.2009 | ПРИМАВЕРА-ГОСТИВАР | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 6 |
| 17.2.2009 | ПРИМАВЕРА-ГОСТИВАР | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 4 |
| 19.2.2009 | ДАРЕ ПРОМЕТ | ТЕТОВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 20 |
| 24.2.2009 | ПРИМАВЕРА-ГОСТИВАР | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 4 |
| 17.3.2009 | АНГРОКОМЕРЦ | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 16 |
| 19.3.2009 | ПРОФИ ИСМАНИ | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 30 |
| 24.3.2009 | ШВАРЦ | БИТОЛА | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 25 |
| 01.4.2009 | БИЛА | БИТОЛА | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 15 |
| 01.4.2009 | ХЕМИТЕК | ПРИЛЕП | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 46 |
| 06.4.2009 | ЗЕУС-ДИЗАЈН | СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 13 |
| 09.4.2009 | ХАНТЕР | КРИВА ПАЛАНКА | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман, Јубизол фасада | 16 |
| 24.4.2009 | ГИПС-ДЕКОР | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман, Јубизол фасада | 6 |
| 08.05.2009 | ЗИБИНГ | ТЕТОВО | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 18 |
| 12.5.2009 | НИВАН-АТАПЕТ | ЈИЦ-СКОПЈЕ | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман Јубизол фасада | 4 |
| 20.5.2009 | КАСТРО | ГЊИЛАНЕ-КОСОВО | изведувачи, инвеститори | ЈУБ-ов асортиман производи | 57 |
| 28.5.2009 | ЈУБ ДООЕЛ СКОПЈЕ | СКОПЈЕ | архитекти, инвеститори | бои, декоратива, малтери,нови производи | 60 |
| 08.06.2009 | ГУЦ ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ | СКОПЈЕ | ученици | декоратива, малтери | |
| 17.06.2009 | КОЛОР ИДЕЈА | ПРИЛЕП | изведувачи | ЈУБ-ов асортиман производи | 31 |
| **ВКУПНО** | | | | | 381 |





# Интервју: Нијаз Мустафоски

За овој број се одлучивме да направиме интервју со Нијаз Мустафоски, кој е сопственик на малопродажниот објект ЕМИРТОН во Охрид. Овој трговец е лојален и долгогодишен соработник на ЈУБ. Интервјуто го направивме пиејќи кафе во едно локално кафуле, во пријатна и опуштена атмосфера.



## Најпрво го поставивме најлогичното прашање: Од кога се занимавате со оваа работа?

Со трговија, поточно со продажба на бои и лакови се занимавам од 2002 година, но во областа на градежништвото сум многу поодамна. Предходната професија ми беше изведувач на објекти. Значи предходно како корисник на овој тип на производи, многу ми помогна во водењето на продавница од ваков тип.

## Што Ве предизвика да ја промените професијата?

Како што веќе споменав, искуството добиено од предходната професија придонесе во најголем дел да ми се вроди идеја за отварање на малопродажен објект. Тука можам, целото мое знаење, добиено предходно, да им го пренесам на сегашните изведувачи и крајни корисници, сè со цел истите да бидат најадекватно услужени и задоволни.






## Од каде идејата да работите со производите на ЈУБ?

Моето долгогодишно искуство, како изведувач и како трговец, ме научи дека, производите на ЈУБ се едни од најквалитетните и најдобрите производи, кои на изведувачите им овозможува лесно ракување и квалитетен финален производ како и задоволни сопственици.

## Значи ли тоа дека Вие ги препорачувате овие производи?

Секој кој ќе влезе во мојата продавница и побара совет од мене, без размислување им ги препорачувам производите на ЈУБ. Производите на ЈУБ ќе им овозможат лесно ракување и постигнување на сакананата цел. Доколку клиентот, има некој специфичен проблем, со соодветен производ од програмата на ЈУБ, истиот може веднаш да се реши. Значи, без размислување на сите мои потрошувачи, топло им ги препорачувам производите на ЈУБ. Да напоменам дека, производителот ЈУБ е единствен на пазарот во Македонија кој дава 10 години гаранција.

## Вас тешко Ве пронајдовме слободен за ова интревју, кое предходно го одложувавме веќе неколку пати. Значи ли тоа дека немате доволно слободно време?

Слободно време имам се помалку. Мојот дневен ангажман е поврзан комплетно околу мојот малопродажен објект. Најважно е снабдување на продавницата со производи, меѓу кои секако и со производите на ЈУБ. Со зголемување на обемот на работа, се појави потреба и од дистрибуција на производите до поголемите потрошувачи до самите објекти. Поседувам 2 возила за дистибуција кои се комплетно брендирани во брендот на ЈУБ. Најважно ми е клиентите да бидат задоволни, како од услугата така и од производите кои ги набавуваат од мене.

## Зошто се одлучивте да ги брендирате Вашите возила за дистрибуција, па и самиот дуќан?

На овој чекор се одлучив затоа што ЈУБ, е препознатлив бренд и водечки на пазарот во областа на бои и лакови, но и затоа што брендот ЈУБ е оној на кој јас најмногу му верувам.







# Машина за нанесување на пастозна глет маса

Во молерското работење сè повеќе се јавуваат машини, кои имаат за цел да го заменат рачното нанесување на материјалите, а со самото тоа и да се намали работното време за изведување на работите.

> На изведувачите им се овозможува да ја зголемат продуктивноста, а со самото тоа да им се зголеми и приходот. Во последно време, наидуваме на се повеќе прашања во врска со квалитетот на ваквите машини и за тоа какви си материјали може да се аплицираат со нив.




Моделот Graco MARK V е универзална машина наменета и за боење и за глетување. Притоа се користат различни млазници за глетување и за боење. Ние овој модел го тестиравме само за глетување. За таа цел ја употребивме ЈУБ – овата пастозна глет маса за машинско нанесување Jubolin P – 25. Оваа операција ја вршеа тројца работници: едниот ја опслужуваше машината, другиот го нанесуваше (прскаше) материјалот, а третиот мазнеше.

При тестирањето, не употребивме дополнителен сад за глет маса, туку оригиналната канта на производителот, со што се олеснува опслужувањето на машината и се сведува на едноставно заменување на кантата кога ќе се потроши материјалот.

Оваа машина ни ги даде очекуваните резултати, а материјалот се нанесе брзо и едноставно со што значително се намали времето за работа. Контролата на дебелината на слоевите се постигнува многу лесно, а со тоа и оптимална потрошувачка на материјал.

Продуктивноста на оваа машина се движи од 500 до 800 $m^2$, за еден осумчасовен работен ден. Не се препорачува користење на неквалитетни глет маси и глет маси во прав, бидејќи истите можат да се згрутчат и да доведат до запушување на дизните. Мора да напоменеме дека машината при нејзиното тестирање не се заглави, што значи дека не потрошивме време за нејзино чистење, освен кога моравме да го промениме типот на материјалот.



**ВАЖНО: Машините од ваков тип се наменети за изведба на големи површини, додека на малите површини ќе се работи повторно рачно.**

GRACO

GRACO N.V.
Slakweidestraat 31
B-3630 Maasmechelen
www.graco.be

Tel. +389 2 5114 027
Fax +389 2 2446 539
Mobil +389 70 255 444
e-mail: first@mol.com.mk

FIRST ING dooel bul. AVNOJ 86 / 1-6, MK - 1000 Skopje

# Производи за дрво и метал

На задоволство на многу изведувачи, трговци, и секако купувачи, JUB во Септември повторно пласира неколку нови производи на пазарот: JUBIN METAL, JUBIN Decor Primer , JUBIN Decor, JUBIN Lasur Primer +, JUBIN Lasur, UNISIL G и NANOSIL G.

**JUBIN METAL** претставува еколошки премаз изработен на водена база, нештетен по здравјето и околината, и погоден за потполна заштита и декорација на сите производи од железо, нер'ѓосувачки челик и бакар, поцинкувани лимови (освен алуминиум).

Како нов производ се карактеризира со повеќе предности:

- може да се нанесе директно на р'ѓа (од која претходно се отстранети слабо врзаните делови) без претходно брусење или нанесување на primer (подлога),
- премазот содржи и антикорозивна заштита т.е 2 во 1,
- има двојна функција (основен и завршен премаз со кој се поедноставува и скратува целата постапка),
- погоден е за употреба на внатрешни и надворешни површини,
- претставува одлична заштита од корозија во подрачја со зголемен ризик од временски неприлики (дожд снег,..),
- има одлична покривност,
- не содржи органски растворувачи,
- нанесениот слој брзо се суши,
- има широк избор на нијанси, вклучувајќи ги и тие со метален ефект,
- содржи низок процент на испарливи органски соединенија (далеку под законски дозволената граница)
- едноставно се нанесува (бојата не капе)
- погоден е за пакување
- алатот лесно се мие со вода, без употреба на разредувачи.

Пакувањето на производот е во пластични кантички од 0.65 lit. и 2.25 lit.

Може да се нијансира на JUMIX системот во продажните места, каде ЈУБ има поставено машини за нијансирање и тоа во голем број класични нијанси (од 3 бази) по JUB тон карта, односно 348 нијанси за 2,25lit. пакување и 288 нијанси за 0,65 lit., како и 28 нијанси во металик ефект по тон карта JUBIN METAL.

Освен во бела се произведува и во неколку готови нијанси: темно кафена, зелена, црна, графит и сребрена.






## JUB JUBIN decor PRIMER




## JUB JUBIN decor PRIMER

JUBIN Decor Претставува еколошка покривна боја произведена на водена база, погодна за потполна декоративна заштита на внатрешни и надворешни површини од дрво т.е дрвени покриви, огради , прозорци, ролетни, врати,..
Производот ги има следните карактеристики:

- не содржи органски растворувачи,
- нема непријатен мирис,
- не содржи биоцидни и други супстанци штетни по здравјето, па затоа се користи и за декоративна заштита на детски играчки,
- има одлична покривност,
- одлична заштита од UV зраци,
- брзо се суши нанесениот слој,
- содржи низок процент на испарливи органски соединенија (далеку под законски дозволената граница),
- практично е пакувањето,
- едноставно се нанесува,
- алатот лесно се мие со вода, без употреба на разредувачи.

Пакувањето на производот е во пластични кантички од 0,65 lit. и 2,25 lit.
Може да се нијансира на JUMIX системот во продажните места во голем број нијанси (база 1000, 2000) по тон карта на JUB, односно 348 нијанси за 2,25 lit. пакување и 285 нијанси за 0,65 lit.
JUBIN Decor во пакување од 0,65 lit. се произведува уште во бела и 8 готови нијанси: жолта, окер, црвена, сина, зелена, сива, темно кафена и црна.

JUBIN Decor Primer претставува еколошка основна боја за дрво, изработена на водена база, а се употребува за декоративна заштита на внатрешни и надворешни површини од дрво.
Производот ги има следните карактеристики:

- не содржи биоцидни и други супстанци штетни по здравјето, па затоа се користи и како primer за декоративна заштита на детски играчки,
- добро го блокира taнинот и чворовите а и другите лесно растворливи супстанци во вода,
- нема непријатен мирис,
- има одлична покривност,
- нанесениот слој брзо се суши,
- содржи низок процент на испарливи органски соединенија (далеку под законски дозволената граница),
- едноставно се нанесува,
- алатот лесно се мие со вода, без употреба на разредувачи.

Пакувањето на производот е во пластични кантички од 0,65 lit. и 2,25 lit.

## JUB JUBIN decor




## JUB JUBIN decor



## JUB JUBIN lasur PRIMER+



JUB JUBIN lasur PRIMER+

JUBIN Lasur Primer + претставува безбоен воден фунгициден и инсектициден основен импрегнатор за дрво, изработен по нова (подобрена) рецептура.
Се употребува како заштита на дрвото од помодрување, инсекти, габи и други штетници, пред боење со лазурни или покривни бои и лакови.
Производот има и други важни карактеристики како:

- нема непријатен мирис и не содржи растворувачи,
- нанесениот слој брзо се суши,
- содржи низок процент на испарливи органски соединенија (далеку под законски дозволената граница),
- едноставно се нанесува,
- алатот лесно се мие со вода, без употреба на разредувачи,
- не се препорачува за употреба во внатрешни (станбени) простории.

Новото пакување на производот е во пластични кантички од 0,65 lit. и 2,25 lit

## JUB JUBIN lasur



JUB JUBIN lasur UV RESISTANT SOLVENT FREE



JUBIN Lasur претставува еколошки лазурен премаз произведен на водена база. Се употребува за декоративна заштита на внатрешни и надворешни површини од дрво т.е дрвени покриви, огради , прозорци, ролетни, врати,..
JUBIN Lasur има и други важни карактеристики:

- ја одржува визуелната текстура на дрвото,
- погоден е за внатрешна и надворешна употреба,
- не содржи биоцидни и други супстанци штетни по здравјето, па затоа се користи и за декоративна заштита на детски играчки,
- нема непријатен мирис и не содржи растворувачи,
- содржи низок процент на испарливи органски соединенија (далеку под законски дозволената граница),
- нанесениот слој брзо се суши,
- има висока заштита од UV зраци,
- практично пакување,
- едноставно се нанесува,
- алатот лесно се мие со вода, без употреба на разредувачи.

Новото пакување на производот е во пластични кантички од 0.65 lit. и 2.25 lit.
Може да се нијансира на JUMIX системот во продажните места во 45 нијанси (база 1, 100) по тон карта на JUBIN Lasur, плус постоечките 9 готови нијанси од 0,65 lit: безбоен, бел, бор, даб, махагони, тик, палисандер, орев и абонос.

# Силикон на фасада

## UNISIL G

UNISIL G претставува силоксанизиран акрилен измазнет малтер, односно акрилен малтер во кој е додаден силикон. Произведен е во 4 гранулации (1,0 mm, 1,5 mm, 2,0 mm, 2,5mm), а како нов производ ги здружува предностите на акрилниот и силиконскиот малтер, и воедно ја пополнува ценовната разлика меѓу акрилните и силиконските малтери. Ги има следните карактеристики и предности:

- има поголема водоодбивност на фасадната површина (поради додадените силоксански компоненти),
- подобро е отпорен на стареење и нечистотија од акрилниот малтер,
- пареопропусен, високоеластичен и негорив материјал,
- отпорен е на издувни гасови, UV зраци, и други надворешни влијанија,
- соодветен е за високи објекти изложени на загадена средина ,
- соодветен е за високи објекти со минимална издаденост на стреа,
- едноставен е за вградување,
- има продолжено отворено време за работа,
- фунгицидно и алгицидно е заштитен од инфекција со ѕидни алги и мувла. Пакувањето на малтерот е во пластични канти од 25kg.

Производот е достапен за нијансирање на JUMIX системот во 348 нијанси со гранулација од 1,5 mm и 2,0 mm, и во 200 нијанси со гранулација од 1,0 mm и 2,5 mm по тон картата на ЈУБ бои и малтери.

Можно е и испорака на производот во нијанси според посебни барања на купувачот.

UNISIL G во зарибана (пердашена) структура се очекува да биде достапен во Септември 2010 год.




## NANOSIL G

NANOSIL G претставува самочистечки силиконски измазнет малтер каде клучните компоненти се изработени во согласност со најновите достигнувања на нано-технологијата. Благодарение на високо хидрофобираните површини на малтерот водата од атмосферските врнежи може дури да ги измие нечистотиите на изложените фасадни површини (лотосов ефект ).




NANOSIL G како нов производ го карактеризираат и следните податоци:

- има висока и трајна водоодбивност,
- содржи поголем процент на силикон од стандардниот силиконски малтер,
- соодветен е за објекти изложени на загадена средина (градски центри, индустриски зони,..),
- најсоодветен е за високи објекти без издадени стреи,
- фотокаталитичен ефект (со помош на светлината и нано титаниумот во малтерот, се распаѓа органската материја - нечистотија, која потоа атмосферските врнежи ја чистат од фасадата),
- пареопропусен, високоеластичен и негорив материјал,
- отпорен е на издувни гасови, UV зраци, и други надворешни влијанија,
- едноставен е за вградување,
- има продолжено отворено време за работа (20 min.),
- фунгицидно и алгицидно е заштитен од инфекција со ѕидни алги и мувла.

Пакувањето на малтерот е во пластични канти од 25kg.

Производот е достапен за нијансирање на JUMIX системот во продажните места во 78 нијанси со гранулација од 1,5 mm и 2,0 mm.

Под одредени услови можно е и доставување на производот во нијанси според посебни барања на купувачите.

# Успешно продолжување на традицијата

Љубезниот господин, во средни години од својот живот, но и успешен бизнисмен од Скопје – Миљаим Сулејмани, ни ја открива тајната и успехот на својот живот, а тоа е пред се истрајноста и добрата организација во работењето.



Детството го поминав пред “дуќанот“ на дедо ми, кој се бавеше со трговија. Неговите чекори ги следеше и мојот татко, така што трговијата од секогаш била присутна во нашето семејство. Со текот на времето, и јас самиот навлегов во тајните на трговијата, а тоа е пред се љубезниот однос кон клиентот, проследена со широка насмевка на лицето.

Покрај училишните обврски, секое слободно време го користев да бидам присутен покрај татко ми и дедо ми, но дојде време да се оддалечам од семејната традиција и се посветив на студиите. По завршувањето на студиите, повторно се вратив на нашата традиција - трговијата. Иако еден извесен период направив промена и започнав со транспортни услуги, љубовта кон трговскиот бизнис во комбинација со традицијата го направи своето. Би рекол дека од корените не се бега....!

Во 1990 година ја основав фирмата Универзал Комерц, со седиште во Скопје. Основната дејност е увоз – извоз на бои и лакови, пластика, земјоделски алатки, и други хемиски производи, како од домашен така и од странски пазар. Дистрибуцијата на истите, дојде сама по себе до сите наши клиенти во Скопје и низ целата територија на Република Македонија.

Почетокот беше многу тежок и неизвесен како поради анонимноста на фирмата, така и поради непрофесионализмот и некоректниот однос од одредени клиенти во однос на наплатата. Сепак бев одлучен да истраам и успеам, што на крај и покрај големиот ризик се исплатеше. За мојот успех е заслужен и дел од моето семејство, како и тимот на вработени кој го оформив, со кој направивме развојна стратегија, чија основна цел беше продажба на квалитетна стока, навремена достава, почитување на стандардите на пазарната економија и секако, искрениот однос кон купувачите....



За успех на една компанија, многу е важно да се следи модниот тренд, желбите на купувачите и следење на чекорите на конкуренцијата.
Исто така многу ми е важен односот кон моите вработени, кои се мојата гордост. Со нивната тесна соработка, посветеност, креативност, размената на идеи и информации, успеавме да се развиеме во угледна фирма која е почитувана, како во границите на нашата земја така и надвор од неа.
Успешно соработуваме со повеќе фирми од нашата земја, како и со многу реномирани фирми надвор од Р. Македонија.
Посебна соработка имаме со врвни производители од Р. Словенија, од кои што би сакал да ја истакнам долгогодишната соработка со ЈУБ.
Квалитететот на производите кои ги нудиме е на завидно ниво, со што сакаме да ги задоволиме потребите на фирмите и граѓаните. Имено ние ги дистрибуираме нашите производи навремено и прецизно до повеќе од 1500 коминтенти низ целата Република.
Со гордост можам да истакнам дека се наоѓаме на ранг листата на 200-те најуспешни фирми во Македонија, изработена од "ЕУРО БИЗНИС ЦЕНТАРОТ" – Скопје во соработка со Министерството за Економија и други државни институции.

Сепак, морам да додадам дека работата е стресна и напорна, со свои последици за кои сум свесен како јас самиот така и моето семејство, кое често знае да ми забележи на преголемата динамика во работењето. Но во природата на мојот карактер е да бидам во тек со настаните. Да имам целосни информации за случувањата во фирмата, за што побрзо решавање на проблемите и реализација на сите предизвици. Затоа секојдневно контактирам како со вработените така и со клиентите.
Иако чуствувам дека се соочувам со голема преоптеретеност, сепак мислам дека сеуште не сум подготвен да се повлечам од бизнисот, бидејќи работата ми е инспирација и храна во мојот живот.

UNIVERZAL
BOI I LAKOVI

ул. Качанички пат б.б.
1000 Скопје

Тел.+389 2 2611 258
+389 2 2611 528





# Само системот дава гаранција

Еден од најважните елементи за топлотна заштита на фасадата, имајќи ја во предвид големата површина што таа ја зафаќа, секако е вградувањето топлотно изолационен систем на објектот.
Преку намалувањето на трошоците за греење на објектот, а со тоа и емитирањето на штетните гасови кои ја загадуваат атмосферата, ние не само што ќе заштедиме сопствени финансиски средства, туку и ќе придонесеме за зачувување на животната средина.

Почетоците за употребата на фасадниот топлотно изолационен систем датираат уште од далечната 1957 год. кога за првпат е вграден во Германија, додека ЈУБ овој систем во Словенија за првпат го испробал на објект во 1964 год. Од тогаш па наваму, повеќе од четириесет години работно искуство на ова поле, овозможило ЈУБ како фабрика да биде една од водечките авторитети во оваа област, како преку постојаното и неопходно надградување на знаењата од оваа проблематика, така и преку напредокот во квалитетот на материјалите и начинот на нивно вградување.
Предностите што ги нуди термоизолационата фасада - Jubizol fasada, се многубројни и опфаќаат:

- заштеда на топлинска енергија до 40%,
- брзо, лесно и ефикасно вградување,
- употреблив за нови и стари (индивидуални и поголеми градежни објекти),
- пријатен простор за живеење (во лето-ладно, во зима-топло),
- ефтино одржување и долготрајност на фасадата,
- исплатливост на инвестицијата за 5-8 години преку заштеда на енергија.

> Термоизолацијата како систем се вградува еднаш со намера да трае неколку децении, па затоа е многу важно да се почитуваат сите препораки при вградувањето на материјалите во секоја фаза одделно, како и користењето соодветни и квалитетни материјали, секако во комбинација со добро едуциран тим на изведувачи.

Комплетната постапка за вградување на термоизолационата фасада - ***Jubizol fasada*** опфаќа повеќе фази, кои во овој прилог ќе се потрудиме и подетално да ги објасниме (слика.1,2).



слика.1



слика. 2



Предуслови за правилно вградување на системот се следните:

- завршени сите мокри работи во внатрешноста на објектот,
- завршени сите лимарски и кровопокривачки работи,
- завршено вградувањето на сите отвори на фасадата (врати,прозорци,..),
- завршена монтажа на сите предвидени инсталации на фасадата.

Ако овие предуслови се исполнети во целост, најпрво со летва (слика.3), се проверува израмнетоста на градежната подлога (се толерира отстапување од ± 1cm/3m). Во спротивно се врши класично малтерисување и израмнување на нерамнините од фасадната површина, а во никој случај со нанесување на подебел слој лепило.

Следен чекор е поставување на почетна или основна летва на сите страни од објектот (слика.4), од каде под прав агол ќе започне поставувањето на изолациските плочи, и тоа хоризонтално според правилото на редење тули во градежништвото.



слика.3



слика. 4

Како изолациски материјал се употребуваат плочи од експандиран полистирен (стиропор), екструдиран полистирен (стиродур), и плочи и ламели од минерална волна. За лепење на изолациските плочи од стиропор или стиродур, како и минерална волна (плочи или ламели), во нашиот производен програм постојат повеќе типови лепила и тоа:

- Jubizol lepilo (слика.5 - за лепење на стиропор и плочи или ламели од минерална волна),
- EPS Lepilna malta (слика.6 - за лепење и армирање на плочи од стиропор),
- Jubizol lepilna malta (слика.7 - за лепење и армирање на плочи од стиропор, стиродур и плочи или ламели од минерална волна).




слика. 5




слика. 6




слика. 7



Кај нас најупотребуван изолациски материјал се плочите од експандираниот полистирен (стиропор), кој што по стандард треба да исполнува некои основни параметри, како на пример густина од 15-20kg/$m^3$ (за дебелина од 5cm), и да е добро одлежан-стабилизиран.

Правилното лепење на изолациските плочи подразбира нанесување лепак по краевите (венец), и во средината во вид на погачи (по 6 на секоја плоча, слика. 8 и 9), така да со лепило се покрие приближно 50% од површината. Во спротивно, ако се нанесува лепило само по краевите на плочата ќе дојде до испакнување во средината (појава на мев), и обратно, ако се нанесе само во средината на краевите ќе се појават испакнувања, а со самото тоа и би се предизвикале негативни последици на целата фасада.



слика. 8



слика. 9

Кроењето на изолациските плочи, а посебно околу отворите на фасадата (врати, прозорци..), е многу важен сегмент за правилно вградување. На ивиците од отворите на фасадата (како најосетливи места од напукнување), изолациската плоча треба да е скроена така да опфаќа најмалку 20 - 30 cm од двете страни на отворот (вкрстено поврзување, слика.10), а не да се редат и лепат парчиња едно до друго т.е ситуација на лепење „фуга на фуга".



слика. 10

По лепењето на стиропорот, истиот треба да се избруси како би се израмнил, т.е изедначил по целата површина. Евентуалните празнини меѓу плочите се пополнуваат со парченца од топлинскиот изолатор, а никако со лепак (поради опасност од создавање на ладен мост), или со одреден тип на пур пена, која нема да се шири лево-десно повеќе од предвиденото. Доколку објектот е од постара градба или повисок од 8 метри, задолжително се типлува (слика.11) со пластични типли со клин (6 - 8 типли/$m^2$), освен на аглите од објектот каде бројот е поголем (8 - 14 типли/ $m^2$). Кај плочите од минерална волна без разлика на типот и висината на објектот, типлувањето е задолжително и тоа веднаш после лепењето на истите (слика.12).





слика. 11




слика. 12

На отворите на фасадата (врати прозорци..) се поставуваат и дополнителни (дилатациски) елементи, како на пример, шпалетни профили за еластично поврзување на осетливите места (слика.13), а на горниот дел од отворите и откапен профил, како и аголни лајсни со мрежичка на сите ивици од објектот (слика.14).



слика. 13



слика. 14

Паралелно, на сите 4 страни и тоа токму на споевите од отворите, дијагонално (под агол од 45°) се вградуваат парчиња (30 - 50cm x 50cm) пластифицирана стаклена мрежичка (слика.15), со цел, дополнително (еластично) зајакнување на истите.

На веќе избрусената површина од стиропорот се врши армирање (слика.16), односно со назабена глетарка се нанесува прв слој од лепак т.н. основен малтер во дебелина од 2 - 3 mm, во кој се втиснува пластифицирана стаклена мрежичка (во 1/3 од дебелината на лепакот) и се остава да се суши (правило е сушењето да изнесува по 1mm/ден).



слика. 15



слика. 16

Пластифицираната стаклена мрежа која ќе се употреби за армирање треба да е стандардизирана, односно да има одредена цврстина и тежина од најмалку 145g/$m^2$. По сушењето на првиот слој од основниот малтер се нанесува втор слој, со што се препокрива мрежичката а воедно се врши и фино израмнување на фасадната површина. На фино израмнетата површина задолжително се нанесува подлога, која ќе овозможи подобро врзување на завршниот со основниот малтер. Од друга страна пак нијансирањето на подлогата во нијанса на завршниот малтер, ќе овозможи добро „ маскирање „ на сите евентуални грешки кои би произлегле од неправилното нанесување на завршниот малтер.

Како подлога може да се користи Akril emulzija или фасадна боја Acrylcolor (растворени со вода во сооднос 1:1), или најдобар избор претставува универзалната подлога за декоративни малтери Unigrund (слика.17), која исто така може да се нијансира во нијнса на завршниот малтер.

Последна фаза е нанесување на завршен декоративен малтер со одредена гранулација, тип (пердашен, измазнет, прскан, струган и валан), и нијанса по избор од тон картата на ЈУБ - бои и малтери.

Најупотребувани се акрилните, силикатните и силиконските малтери (слика.18,19, 20), за сметка на минералните, и тоа пред сè како резултат на многу подобрите карактеристики кои ги имаат (подобра водоодбивност и поголема трајност).

Како најдобро решение за најоптоварениот дел од фасадата т.е цоклето, се препорачува поставување на изолациски плочи од екструдиран полистирен (стиродур), и вградување на декоративен акрилен мермерен малтер Kulirplast (сл.21), во гранулација и нијанса по избор од тон картата на Kulirplast.




слика. 17




слика. 18






слика. 19




слика. 20




слика. 21

Правилното вградување на Jubizol fasada осигурува долготрајна заштита на фасадата најмалку 30 години, со тоа што е потребно на секои 10 - 15 години да се освежи завршиот декоративен малтер со соодветна фасадна боја Revitalcolor.

Со почитување на сите технички упатства за вградување на Jubizol fasada гаранцијата на материјалот што ЈУБ ја дава изнесува 10 години.



# Потрошувачка на лепакот во Jubizol ситем

На пазарот постојат различни информации за потрошувачаката на лепакот во термо-изолациониот систем. Проверувајќи ќе наидете на неколку тврдења и тоа од 7 kg, некаде 5 kg, па дури и 4 kg лепак за m² фасада.

Веднаш мораме да ви обрнеме внимание на тоа дека ова е чиста заблуда. Бидејки постојат толку различни мислења, лесно може да дојде до конфузија и недоразбирање. Стиропорот е најчесто користен материјал кој кај нас се користи во овој систем, па затоа ќе го користиме како пример во нашата пресметка за потрошувачка.

Правилното вградување на стиропорот подразбира две фази. Прво се лепи таблата на подлогата. Лепакот мора да се нанесе во поле на „погача„ и по должината на сите ивици на таблата. Долгогодишната пракса покажа дека за оваа фаза просечната потрошувачка на лепакот е од 3,5 до 5 kg. Оваа количина најмногу зависи од рамноста на површината на ѕидот – дали објектот е рамно малтерисан или не е воопшто малтерисан, дали е од сипорекс, гитер блок или од некои други видови на блокови. Важно е и како е изработено и самото ѕидање, каква е ситуацијата на спојниците меѓу блоковите итн.

Покрај површинските рамнини на ѕидот, на потрошувачката влијае и линијската рамност на самиот објект, бидејќи благите испакнатини и вдлабнатини, како и аномалиите во геометријата, можат значително да ја променат предвидената потрошувачка на лепакот. Следна фаза е дијагоналната арматура и ивичниот профил, кои потрошувачката на лепакот ја зголемуваат во зависност од бројот на отворите на фасадата – малите отвори бараат повеќе лепак отколку малиот број на отвори.

Наредна фаза е втискување на мрежата во фасадата, во оваа фаза се троши повторно од 3,5 до 5 kg лепак. Значи доаѓаме до вкупен број од 7 до 10 kg лепак по m². На објектите со проблеми во површинската и линијската рамност на ѕидните маси, потрошувачката може да биде и поголема. Исто така, стилот и манирот на работа на фасадерот може благо да влијае на потрошувачката на лепакот (големината на погачите, дебелината на ивичните лепења, финално измазнување на мрежата итн).

На крај е присутен и неизбежниот растур на материјалот кој би требало да се намали на минимум. Кога овие фактори ќе се спојат, немојте да се изненадите ако потрошувачката на лепакот помине и преку 10 kg на m².

Напоменуваме дека малата потрошувачка на лепакот во овој систем, поготово ако е свесно применета со цел за бескомпромисна заштеда, директно влијае на понизок квалитет на фасадата и ја доведува до прашање гаранцијата за изведените работи. Во прилог на сето ова JUB сними едукативен филм за правилно вградување на Jubizol системот, чија цел е да на корисниците им ги отстрани сите нејасноти и заблуди поврзани со тоа.



# Со работа до успех

Како еден од Јубовите дилери во Македонија, е и Компанија Велкоски кој поради преголемиот број на обврски, успеа нешто малку да ни презентира од взаемната соработка со ЈУБ за овој број на ЈУБ магазин.



Почетоците на Компанија Велкоски доо, датираат од 1991 година. Кога фирмата се состоеше од само еден дуќан. Но, со текот на времето и согласно барањата од нашите купувачи, фирмата растеше, така што денес  истата достигна бројка од 20 вработени од различни категории и тоа: борд од 2 директори, сметководство, комерција, магацинско работење како и дистрибуција на производи во Скопје и низ републиката.
Соработката со ЈУБ, во многу придонесе за развојот на нашата фирма, пред се преку зголемената продажба на производите од нивната производна програма.
Производите на ЈУБ, ги имаме во голем асортиман, со што му овозможуваме на секој наш купувач да го добие тоа што на прв поглед му е невозможно, но сепак вистинито. Секако дека со помош на JUMIX системот, кој е достапен во нашите простории, им овозможуваме на купувачите, во поглед на боите и нијансите, сонот да им стане реалност.
Во моментов Јубовите материјали се најбарани на пазарот од страна на купувачите и секако најпродавани од наша страна. Тоа е резултат на стандардниот квалитет како и техничката подршка што ја овозможува фирмата ЈУБ во Македонија.

Квалитетот на производите на ЈУБ е далеку познат, затоа ние со голема доза на доверба ги препорачуваме истите на сите наши купувачи.

Компанија Велкоски во соработка со ЈУБ дооел Скопје, во минатата 2008 година реализираа, еден заеднички рекламен проект. Имено, Компанија Велкоски и ЈУБ беа спонзори и учесници во емисијата “Ајде дома” што се емитуваше на Сител телевизија, а резултираше со добра взаемна соработка меѓу истите. Оваа година емисијата продолжи да се емитува на Алфа телевизија, а целокупната работа може да се види ако се посети сајтот на Ајде дома, www.ajdedoma.com.mk., а во делот емисии и on line.
Ние и понатаму ја продолжуваме и подобруваме нашата плодна соработка со ЈУБ, пред се затоа што нивниот квалитет е докажан и проверен.




КОМПАНИЈА ВЕЛКОСКИ
Ул. Ратко Митровиќ бр. 75 б
1000 Скопје

T: +389 2 246-1172
+389 2 246-4902

# Фасадер

Фасадери се луѓе кои работат на надворешниот изглед на куќи и згради. Тие им даваат убав изглед на ѕидовите, а воедно и ги заштитуваат од надворешните влијанија, освен тоа прават и топлинска изолација на објектот.

Фасадерите работат на отворено во различна положба на телото со помош на скали и скеле. Постои опасност да фасадерот падне од овие помошни средства, затоа е задолжително да употреби сигурносен појас. Тие се често изложени на неповолните климатски услови.
Фасадерите мораат да бидат со цврста телесна градба, да имаат голема спретност во работењето, гибливост на телото, а особено мораат да имаат голема подвижност како на рацете така и на нозете.
Добар фасадер мора да има смисла за естетика, способност за фино разликување на боите и способност за просторно прегледување.





# Молер

Молер е мајстор – занаетчија, кој поправа, уредува или украсува ѕидови. Во основа овој збор представува сликар – уметник, живописец кој прави слики на ѕидовите.

Овој занает предпочита: спретност, преданост и уметничка склоност во изборот на бојата и дезенот.

Молерот се занимава со грубо и фино уредување на ѕидовите:

- Грубо уредување представува малтерисување на нерамни и неуредни ѕидови така што да се покријат големите нарамнини и длабочини. За оваа работа порано се користел обичен кал или смеса од кал и слама, додека сега се користи малтер или глет маса која во нашиот производен програм ги носи комерцијалниот назив Hobi Kit, кој може да се нанесе во дебелина од 5 mm.
- Фино уредување представува работа на веќе израмнети површини каде нерамнините се максимум до 3 mm. Следно што се треба да направи е глетовање со Jubolin, Nivelin, Nivelin D a за машински глетовање Jubolin P 25 и пребојување на ѕидовите некогаш со вар, а во сегашно време со полудиспрезни бои како Jupol Ekonomik и Jupol или со диспрерзни бои како Jupol Gold, Jupol Trend, Jupol Junior, Jupol Briljant и Jupol Latex.



Напомена пред секое пребојување со полудиспрезни или дисперзни бои задолжително се користи подлога која го носи комерцијалното име Akril Emulzija.

Молерот во својата работа најчесто го користи следниот алат и прибор:

- Четка – разни видови и големини,
- Ваљак,
- Кофа,
- Шпатула,
- Мистрија и
- Глетарка.

SLOVENIA Superbrands 2008

# Бои за добро расположение

Основниот впечаток и атмосферата во секој простор ја диктираат боите, вештината на нивното комбинирање, како и усогласеноста со мебелот и декоративните предмети. Боите се силно оружје на архитектите во креирањето на амбиентот, но и моќно помагало во трансформацијата и прикривањето на недостиг од простор. Најголема предност во примената на боите во ентериерот е да со што помалку пари и едноставна работа можат да се постигнат одлични резултати.

## Како да одберете боја

Изборот на боите во станот се по желбите и навиките на домаќините. Дизајнерот не смее да ги наметнува своите омилени бои. Тој го познава усогласувањето на боите, односите на светли и темни тонови, ги знае модните трендови, но и како поедините бои, влијаат на расположението. Не смее да си дозволи компромис со лошиот вкус, пред се поради својот труд и углед.

Бирајќи ги боите на ѕидовите, тој истовремено размислува и за сите површини во просторот како што се: завеси, мебел, теписи и сликите за на ѕид, кој се дел од колоритната целина.

Современо дизајнираниот простор користи една основна боја или палета од сродни и уедначени бои, со нагласен акцент во друга боја. Тој акцент може да биде дел или еден ѕид изработен во некоја декоративна техника или дел од мебел.

## По нешто за секоја боја

Боите се делат на топли и ладни, топли бои се: црвена, портокалова и жолта, а ладни се: зелена, сина и виолетова. Секоја од нив може да премине од топла во ладна и обратно, зависно од компонентата која доминира во неа. Освен основните бои тука се и црна, бела, кафена, окер, розева, сребрена, златна ........

Во првиот број на ЈУБ Магазин ги наведовме значењата на основните бои, затоа сега дозволете ми да ви претставам по нешто за другите.



**Виолетова боја** се добива преку мешање на сина и црвена и во својот карактер ги содржи најлошите нивни особини. Се сретнува во многу варијанти, а по правило е ладна и монотона. Треба да се избегнува како доминантна боја во дневната и трпезаријата. Одговара за простории со малку светло, затоа што без разлика на големината на прозорот, дава карактер на замраченост. Ако пак навистина сте љубител на оваа боја користете ја во деталите на вашиот простор.



**Портокаловата боја** е една од најтоплите, полна е со живост и оптимизам. Научниците тврдат дека поттикнува брз проток на кислината во мозокот, па затоа психолозите ја препорачуваат за работните простори во детската соба, го стимулира интелектуалниот развој и формирањето на стабилната личност.



**Белата боја** во пракса потсетува на отсуство на боја исто како и црната. Многу се користи во современите ентериери во сите стилови. Остава впечаток на научна фантастика, во која формата и функцијата доминираат над естетиката. Во зависност од бојата која и се додава како пигмент, варира и карактерот на просторот. Со малку сина и сива, амбиентот е ледено ладен, со окер или портокалова нота, просторот добива во топлина и живост. Белата како и црната, е совршена за сите комбинации и декоративни акценти.



**Црната боја** е отсуство на боја. Многу се применува во ентериерите. Кога доминира оваа боја тоа се по правило ладни простории, но во случај на комбинирање, одличен е како комплимент за било која друга боја. Најголем ефект се постигнува во купатилата и кујните. Непогрешива боја е кога ќе се искористи за кожен мебел или како детаљ – абажур, вазна, скулптура, рамка за огледало или слика и друго.





**Сребрена, златна и бронзена боја,** како детал во домот се одлични, но како основни бои се користат во клубовите, ресторанite и изложбените простори.

## Принцип на боење на просторот

Боите се комбинираат по принципот на складни, на пример: зелено-сина и зелено-жолта, или по принцип на контраст: црвена и зелена, сина и портокалова, виолетова и жолта. Доколку сакате мирна, хармонична и релаксирачка куќна атмосфера одберете го првиот принцип, принцип на складност. Принципот на контраст се користи во динамични и креативни простории во кој боите живо комуницираат со корисниците, го привлекуваат вниманието на гостите и ја будат фантазијата.

Неколку совети со теоријата на боите Бојата може да го промени карактерот, ако се нанесува во висок сјај.
Металик ефектот во ентериерот исклучиво се применува за ефекти.



# Детска соба

Голема предност е детето да ја засака својата детска соба, затоа доколку сте во можност однапред да ги планирате просториите во вашиот дом, имајте во предвид дека близината на родителската спална соба навечер овозможува сигурност на вашето дете.

## Соби за деца од 3 до 10 години

За овој преиод на растење на вашето дете, најсоодветни се боите на Jupol Junior, во шест светли нијанси, на кои децата можат да ги прелепуваат своите налепници од линијата на JUB Decor Junior, во седум различни дезенти и тоа:

- Junior Farma,
- Junior Afrika,
- Junior Punki,
- Junior Princesa,
- Junior Avto,
- Junior Zoo,
- Junior Bojan.






Како и бордурите од JUB Decor Junior во исти дезени. Ви ја даваме нашата препорака за усогласување на боите со бордурите и налепниците на JUB Decor Junior.

- Junior Farma со Jupol Junior 115 (green),
- Junior Afrika со Jupol Junior 110 (yellow),
- Junior Pinki, со Jupol Junior 112 (pink),
- Junior Princesa, со Jupol Junior 113 (violet),
- Junior Avto, со Jupol Junior 114 (blue),
- Junior Zoo, со Jupol Junior 111 (melon),
- Junior Bojan со Jupol Junior 114 (blue).

# Јуб Дизајн Студио, незаменлива услуга

Фасадата за куќата значи многу. Таа на објектот му дава убав изглед, ги штити ѕидовите од штетните временски услови, а покрај тоа служи и како топлинска изолација. Фасадерските работи на објектите ги работат луѓе кој се познати како фасадери.




JUB DesignStudio

Фасадите можат да се изработат во најразлични начини и тоа од дрво, камен (мермер), алуминиумски плочи, керамички плочи или плочи од пластични материјали, а секако постои и термо фасада која и најчесто се користи. Оваа фасада се изработува со стиропор или стаклена волна и мрежа, на која по основниот малтер и подлогата се нанесува завршниот декоративен малтер, кој може да биде зарибан, измазнет и во неколку гранулации, а секако и нијанси. Небројени се комбинациите на текстури и бои на фасада.



Сигурни сме дека доколку планирате да ставате фасада на вашиот објект, имате некоја своја идеја како би бил конечниот изглед на истиот. За да можете тоа да го видите, а не само да претставите, ние ви овозможуваме да си изработите сами дизајн на наши поставени објекти на веб сајтот www.jub.eu, или ние да ви изработиме дизајн студио на фотографија од вашиот објект. За сето ова да ви биде по јасно ви прикажуваме некој од нашите изработки на фасади, а секако можете да не контактирате во нашите простории на адреса бул. Јане Сандански 79а-3 или на телефон 02/24 54 027.



Во овој број на ЈУБ магазин ви го претставуваме гимнастичарскиот клуб Партизан Орце Николов од Скопје, кој на меките душеци ги соединува младите гимнастичари од 5-19 годишна возраст. Оваа година ЈУБ Скопје им донираше 25 женски трикоа за натпреварување, со што им помогна на овие млади гимнастичарки да се чувствуваат удобно во нив и нормално да се мотивираат за постигнување на подобри резултати на како на државно така и на меѓународно ниво.

Клубот е формиран во далечната 1957 година, сега брои околу 30 женски гимнастичарки и 15 машки гиманстичари. Може да се пофали со веќе постигнатите резултати и тоа на годинашниот државен натпревар во машка и женска конкуренција во А и Б лига кој се одржа во Прилеп на 25.04.2009 година, таму се закити со 4 златни, 1 сребрена и 1 бронзена медала во различни категории. Салата им е добро опремена со сите справи кои им се потребни за одржување на тренинг наставата, а која се одржува од врвен тренер кој до сега веќе неколку години е машки тренер број 1 во државава.
Гиманстичарите се поделени по категории и возраст и тоа 5-9 години, 9-12 години, и над 12 години.





Уписите за нови гимнастичари и гиманстичрски се во септември, а за подетални информации можете да се обратите во просториите на салата Пртизан Орце Николов на адреса Јордан Хаџиконстантинов Џинот бр.12 Градски парк.
ЈУБ секогаш се труди некако да им помогне на ваквите спортски клубови посебно поради бројот на младите учесници во спортот, и секако секогаш навива за нив.



# ЈУБ незадолжително



Тој ја праша ...
и таа рече ДА
или беше обратно?!
Како и да е .... се случи.

## Марија и Дејан

го кажаа судбоносното ДА
и од 22.08.2009 се со
заедничко име Костови.

Екипата на ЈУБ
им посакува
многу љубов и
разбирање во
понатамошниот
заеднички живот.

Среќно.

## Виц

Молер работи кај некоја постара госпоѓа,
но некако не му оди работата, па така кога
стигнал да го обои цоклето, госпоѓата
негодува:
- Синко, многу ти е некако крива линијава....
А молерот спремно и одговара:
- Не грижете се госпоѓо, ова е специјална боја,
па кога ќе се исуши- ќе се затегне.....

## Дали ќе го земе цветот?




## Сам свој мајстор.




Боите го менуваат
Вашиот дом
jupol
jupol briljant
jupol citro
jupol gold
jupol latex
jupol trend
JUB
www.jub.eu
JUB d.o.o.e.l. Skopje
Bulevar Jane Sandanski br. 79/a/3
1000 Skopje
T: +389 2 2454 027
E: info@jub.com.mk